Република Македонија
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

**Бр. 08-6722/4**
**Скопје, 1 септември 2010**

# Нова услуга
# ЕЛЕКТРОНСКИ УВИД ВО ДАНОЧНА КАРТИЦА

***Твој данок, твоја иднина!***

*Користете едноставни решенија за Вашиот бизнис!*

Од денес/1 септември 2010 година, Управата за јавни приходи воведе нова услуга за даночните обврзници – Електронски увид во даночна картица.

Услугата е достапна за **сите правни субјекти и вршители на дејност** кои се корисници на електронските услуги на УЈП, односно за секој даночен обврзник кој ќе се регистрира за користење на системот е-Даноци (http://etax.ujp.gov.mk/)

Електронскиот увид во даночна картица овозможува даночниот обврзник, во секој момент да врши проверка и да биде во тек со состојбата на даночните побарувања и обврски кои се водат во УЈП, без притоа да мора да доаѓа лично во даночните канцеларии.

За сите дополнителни прашања во врска со новата услуга, постапката за регистрација за е-Даноци, како и пријавување за претстојните обуки кои ќе се организираат на оваа тема, даночните обврзници можат да се обратат до Управата за јавни приходи преку:

Инфо центар **0800 33 000**
е-пошта: **info@ujp.gov.mk**




## ЗОШТО да ги користите е-услугите на УЈП?

Имплементацијата и развојот на системот за електронско поднесување на даночни пријави, значи создавање на нови можности не само за Управата за јавни приходи, туку и за самите корисници, посебно во услови кога новите технологии стануваат основна поддршка во креирањето на вредностите.

е-Даноци **http://etax.ujp.gov.mk** овозможува користење на современ, ефикасен и безбеден начин на комуникација на даночните обврзници со Управата за јавни приходи.

- Едноставна употреба
- Постојана електронска комуникација со УЈП 24 часа/7 дена
- Заштеда на време
- Брзо процесирање на податоците
- Намалување на ризикот од човечки грешки при пријавување на данокот
- Намалување на административниот трошок за даночните обврзници

**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**
ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА
Адреса: Комплекс банки бб
1000 Скопје
www.ujp.gov.mk

ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ
Контакт: Весна Новаковиќ
Телефон: 02/3299 597
Мобилен: 075/327 270
Факс: 02/3281 010
е-пошта: vesna.novakovic@ujp.gov.mk

***Твој данок, твоја иднина!***

**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

## КОИ е-услуги ми се достапни?

Без чекање на шалтери, даночниот обврзник има можност за:

- Електронско пополнување и испраќање на даночните пријави
- Следење на статусот на испратените пријави
- Добивање на повратни информации и извештаи за поднесените пријави
- НОВО! Увид во даночна картица

За користење на системот потребен е пристап кон Интернет, е-Пошта и можност за скенирање на документи.

## Статистика

На почетокот од воведувањето на системот е-Даноци (01.06.2006 година), електронските услуги на УЈП беа достапни само за големите даночни обврзници.
Од 15 јули 2008 година, овозможено е е-услугите да ги користат и средните и малите бизниси, односно сите правни субјекти и вршители на дејност во РМ.

**Број на регистрирани корисници по години**

| | | |
|---|---|---|
| 2006 | 134 | *големи даночни обврзници |
| 2007 | 3 | |
| 2008 | 218 | *сите правни субјекти и самостојни вршители на дејност |
| 2009 | 894 | |
| 2010 | 3.429 | |

**ВКУПНО: 4.678**

Со цел промоција на електронската комуникација, понатаму зголемување на бројот на регистрирани даночни обврзници на системот е-Даноци, како и нивно поттикнување за користење на електронските услуги наместо традиционалните „лице в лице“, Управата за јавни приходи делува преку:

- Редовни едукативни средби/обуки на даночни обврзници и сметководствени бироа на целата територија на РМ
- Поедноставување на постапката за регистрација за е-Даноци
- Директно и индиректно информирање на даночните обврзници за можноста за користење на е-Даноци
- Проширување на капацитетите на е-Даноци преку воведување на нови услуги